АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 03.10.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3627 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 26 септември 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**

– **Членот 100 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*правила за емитување аудиокомерцијални комуникации*);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 12.07.2023 година, за непочитување на членот 100 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-240 од 12.07.2023 година) на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на решението (18.07.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 26 септември 2023 година, на државно ниво, констатирано е дека **радиодифузерот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***